CONFERENCE OF INGOs
OF THE COUNCIL OF EUROPE

CONFERENCE DES OING DU
CONSEIL DE L'EUROPE

**CONF/PLE(2009)CODE1**

# КОДЕКС НА ДОБРИ ПРАКТИКИ ЗА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ[1]

**Усвоен на Конференцијата на ИНГО на седницата одржана на 1 октомври 2009**

[1] Преводот на Кодексот од англиски на македонски јазик е направен од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) www.mcms.org.mk

**Индекс**

I. Вовед ........................................................................................................................ 3
II. Цели и целни групи ...................................................................................................... 4
III Генерална рамка за граѓанско учество... ................................................................... 5
IV. Како да се вклучите... .................................................................................................. 7
V. Матрица за граѓанско учество ........................................................................................17

## I. Вовед

Едно од прашањата кои предизвикуваат најголема загриженост во модерните демократии е отуѓувањето на граѓаните од политичките процеси. Во овој контекст, како што е случај и со многу други, граѓанското општество претставува битен елемент на демократскиот процес. Покрај политичките партии и лобирањето, тоа овозможува канализирање на различните гледишта на граѓаните на алтернативен начин и обезбедува мноштво на интереси во процесот на донесување одлуки.

Комитетот на министри на Советот на Европа, во Препораката (2007)14 од октомври 2007 година, го признава „суштинскиот придонес што го даваат НВОи во развојот и остварувањето на демократијата и човековите права, особено преку унапредување на свеста на јавноста, учество во јавниот живот и обезбедување на транспарентност и отчетност на јавните власти".

На состанокот на Форумот на Советот на Европа за Иднината на демократијата одржан во Шведска 2007 година, учесниците ја повикаа Конференцијата на ИНГО на Советот на Европа да подготви Кодекс на добри практики за граѓанско учество, во кој ќе се опфатат теми како што се механизмите за учество на НВО во процесите на одлучување и вклучувањето на граѓанското општество во јавните политики.

Тргнувајќи од ова, Конференцијата на ИНГО ја презеде обврската да изготви Кодекс на добри практики за граѓанско учество во процесот на одлучување. Во овој документ се прикажани оправданоста, рамката и средствата за унапредување на граѓанското учество. Кодексот е изготвен од страна на искусни претставници на граѓанското општество и беше разгледан во рамки на пан-европскиот процес на консултации, а потоа беше тестиран и коментиран од страна на национални и меѓународни невладини организации (НВОи) и тој веќе се користи од страна на активисти и претставници на јавните власти.

Конференцијата на ИНГО на Советот на Европа подготви инструмент кој е лесен за употреба, структуриран и прагматичен и кој е наменет за донесувачите на одлуки и за организираното граѓанско општество, вклучително и за НВОи.

Кодексот нуди палета на добри практики. Кодексот нема задолжителен карактер, тој не пропишува правила и не предвидува механизми за негово спроведување. На сите субјекти во демократскиот процес, тој им нуди насоки кои произлегуваат од конкретни практични искуства на дијалог и соработка помеѓу НВОи и јавните власти. Главната цел е да се олесни нивната интеракција и да се унапредат капацитетите на граѓаните за учество во демократскиот процес на локално, регионално и национално ниво.

Конференцијата побара совет и мислење за Кодексот од институциите на Советот на Европа. Конгресот на локални и регионални власти и Парламентарното собрание на Советот на Европа го поздравија Кодексот на добри практики: Конгресот изрази спремност да придонесе за негова промоција, како и изрази спремност да го применува и користи во својата работа, а Парламентарното собрание, од своја страна, посебно го нагласи значењето на електронските алатки за учество.

Овој инструмент треба да се очекува и ќе има политички реперкусии. Со тоа ќе се даде поттик и ќе се поткрепи сегашниот тренд меѓу локалните, регионалните и националните власти да го консултираат и да соработуваат со граѓанското општество преку воведување на модерни алатки во процесот на демократско управување, истовремено продлабочувајќи го учеството на граѓаните во јавниот живот.

**II. Цели и целни групи**

Главната цел на овој Кодекс на добри практики за граѓанско учество е да се даде придонес во создавањето на поддржувачко опкружување за НВОи во земјите членки на Советот на Европа и во Белорусија преку дефинирање на генерални начела, насоки, алатки и механизми за граѓанско учество во процесот на политичко одлучување на европско ниво. Целта е Кодексот на добри практики за граѓанско учество да се применува на локално, регионално и национално ниво. Кодексот на добри практики за граѓанско учество се базира на вистинските искуства на НВОи од цела Европа, кои ги споделија своите добри практики и валидни методи за соработка со јавните власти.

Дополнителна цел на Кодексот на добри практики за граѓанско учество е да биде релевантна и ефективна алатка за НВОи од локално до меѓународно ниво во нивниот дијалог со парламентот, владата и јавните власти. Целта е да биде интерактивен инструмент и да биде ориентиран кон акција, со што ќе биде корисен за НВОи и јавните власти низ цела Европа. Во поддршка на примената на овој Кодекс на добри практики за граѓанско учество ќе биде подготвена и т.н. банка на студии на случај и дополнителни практични алатки.

Целна група на Кодексот на добри практики за граѓанско учество се националните НВОи, вклучувајќи ги регионалните и локалните организации во земјите членки на Советот на Европа и Белорусија, како и организациите на европско и меѓународно ниво.

Втора целна група се јавните власти, кои ги опфаќаат парламентот, владата и јавната администрација на локално, регионално и национално ниво. Оваа целна група е широка, а целта е сегменти од Кодексот на добри практики за граѓанско учество да можат да се користат на сите нивоа на јавна администрација.

## III. Генерална рамка за граѓанско учество

### III.i Параметри на граѓанското општество

НВОи и организираното граѓанско општество се суштински придонесувачи за развојот и реализацијата на демократијата и човековите права. Дефиницијата на Советот на Европа за НВОи може да се најде во Препораката (2007) 14, каде се вели дека „НВОи се доброволни само-управувачки тела или организации формирани со цел да остваруваат во основа непрофитни цели на нивните основачи или членови." Во овој Кодекс на добри практики за граѓанско учество овој поим се однесува на организираното граѓанско општество, вклучувајќи доброволни групи, непрофитни организации, здруженија, фондации, добротворни организации, како и географски или интересни заедници и групи за застапување. Суштинските активности на НВОи се фокусирани врз вредностите на социјалната правда, човековите права, демократијата и владеењето на правото. Во овие области, целта на НВОи е да промовираат одредени каузи и да го подобруваат животот на луѓето.

НВОи претставуваат пресудна компонента за учество во едно отворено, демократско општество преку ангажирање на голем број поединци. Фактот што многу од овие поединци се исто така и *гласачи* ја подвлекува комплементарната врска со репрезентативната демократија.

НВОи може да донесат придобивки во вид на знаење и независна експертиза во процесот на одлучување. Ова довело до тоа владите на сите нивоа, од локално и регионално до национално, како и меѓународните институции, да се повикаат на релевантното искуство и компетентноста на НВОи да помогнат во развојот на политиките и во нивно спроведување. НВОи уживаат единствена доверба од нивните членови и општеството за изразување на проблемите, за застапување на нивните интереси и за вклучување во одредени каузи, со што даваат критичен придонес во развојот на политиките.

Во овој текст се нагласува придонесот на *организираното граѓанско општество* во демократскиот процес и не се фокусира на прашањето на граѓанското учество т.е. на учеството на *поединците*. Во овој случај, се подразбира дека чинот на формирање здруженија и организации во заедницата претставува чин на независно социјално организирање и не е сосема насочен кон индивидуалната акција. Се подразбира дека организираните групи постојат за да ги унапредат потребите на нивните членови и за добробитта на поширокото општество, па затоа тие делуваат како клучен канал за учество и зајакнувач на ангажманот на граѓаните.

### III.ii Принципи за граѓанско учество

За да се оствари конструктивна врска, НВОи и јавните власти на различни нивоа, би требало да дејствуваат според следниве заеднички начела:

**Учество**
НВОи ги собираат и канализираат гледиштата на нивните членови, групи на корисници и засегнати граѓани. Нивниот придонес има пресудна вредност за процесот на донесување на политички одлуки, зголемувајќи го квалитетот, разбирањето и долгорочната применливост на иницијативата. Предуслов за овој принцип е процесите за учество да бидат отворени и пристапни, базирани на договорени параметри за учество.

**Доверба**
Едно отворено и демократско општество се заснова на искрена интеракција меѓу актерите и секторите. Иако НВОи и јавните власти имаат различни улоги, заедничката цел за подобрување на животот на луѓето може да се достигне на задоволителен начин само ако е базирана на доверба, што подразбира транспарентност, почит и заедничка верба.

**Отчетност и транспарентност**
Дејствувањето во јавен интерес бара отвореност, одговорност, јасност и отчетност и од страна на НВОи и на јавните власти, со транспарентност во сите фази.

**Независност**
НВОи мора да бидат признаени како слободни и независни тела во однос на нивните цели, одлуки и активности. Тие имаат право да дејствуваат независно и да застапуваат позиции поинакви од оние на властите со кои инаку можат и да соработуваат.

### III.iii Услови за граѓанско учество

Условите што овозможуваат здружен живот се добро евидентирани. Во согласност со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (ЕКЧП) и релевантната судска пракса на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), потребна е слобода на изразување (член 10 од ЕКЧП) и слобода на собирање и здружување (член 11 од ЕКЧП) и релевантната судска пракса на Европскиот суд за човекови права.

За да се осигура дека суштинскиот придонес на НВОи е преточен во процесот на политичко одлучување без дискриминација, потребно е поддржувачко опкружување. Условите за поддржувачко опкружување вклучуваат владеење на правото, придржување до основните демократски принципи, политичка волја, поволно законодавство, јасни и прецизни процедури, долготрајна поддршка и ресурси за одржливо граѓанско општество и заеднички простор за дијалог и соработка. Овие услови овозможуваат конструктивен однос меѓу НВОи и јавните власти изграден на реципрочна доверба и заедничко разбирање за *партиципаторната демократија*.

**IV. Како да се вклучите**

За да се остварат главните стратешки цели на Кодексот на добри практики за граѓанско учество, како и да се осигура неговата релевантност и практична применливост за НВОи при нивното вклучување во процесот на политичко одлучување, во овој дел се опишува на кој начин може да учествува граѓанското општество.

Постојат две меѓусебно поврзани димензии во овој процес. Прво, во делот IV.i се опишуваат нивоата на учество подредени според интензивноста, тргнувајќи од едноставно давање информации до консултации, дијалог па с# до партнерство меѓу НВОи и јавните власти. Второ, во делот IV.ii се прикажуваат чекорите во процесот на политичко одлучување, имено шест чекори што ги преземаат јавните власти од поставување на агендата преку спроведување до набљудување и реформулација.

Во посебен дел (IV.iii) се претставени алатките што можат да се применуваат во секоја фаза и што даваат широка поддршка на процесот на учество.

Потоа, овие елементи се комбинираат за да се формира матрица на граѓанското учество (V) преку која визуелно се прикажува меѓусебно поврзаната природа на процесот.

**IV.i Различни нивоа на учество**

Вклученоста на НВОи во различни чекори од процесот на политичко одлучување се разликува во зависност од интензитетот на учеството. Постојат четири постепени нивоа на учество, од најмалку до најмногу партиципативни. Тие се: информации; консултации; дијалог и партнерство. Тие можат да се применат во секој чекор од процесот на одлучување, но тие често се особено релевантни во одредени точки од процесот.



**1. Информации**
Пристапот до информации е основа за сите понатамошни чекори за вклучување на НВОи во процесот на политичко одлучување. Ова е релативно ниско ниво на учество, што обично се состои од еднонасочно давање информации од страна на јавните власти и каде не е потребна или не се очекува интеракција или вклученост на НВОи.

Информациите се релевантни за сите чекори во процесот на донесување одлуки.

**2. Консултации**
Ова е вид на иницијатива каде јавните власти ги прашуваат НВОи за нивното мислење за одредена политичка тема или настан. При консултациите обично властите ги информираат НВОи за тековниот развој на настаните и бараат коментари, нивни гледишта и повратни информации. Иницијативите и темите доаѓаат од страна на јавните власти, а не од НВОи.

Консултациите се релевантни за сите чекори во процесот на донесување одлуки, особено за формулацијата, набљудувањето и реформулацијата.

**3. Дијалог**
Иницијативата за дијалог може да ја преземе било која страна и тој може да биде или **широк** или **колаборативен**.

Широк дијалог е двонасочна комуникација изградена на заеднички интереси и потенцијално заеднички цели за да се обезбеди редовна размена на гледишта. Може да се движи од отворени јавни расправи до специјализирани состаноци меѓу НВОи и јавните власти. Дискусијата останува широка и не е експлицитно поврзана со тековниот развоен процес.

Колаборативниот дијалог се гради на заеднички интереси за специфичен политички документ. Колаборативниот дијалог обично води до заедничка препорака, стратегија или законодавство. Колаборативниот дијалог дава поголема моќ отколку широкиот дијалог бидејќи се состои од заеднички, чести и редовни состаноци за изготвување на суштинските политики и често доведува до усогласен исход.

Дијалогот е високо вреднуван во сите чекори од циклусот на политичко одлучување, но е од пресудно значење за поставувањето на агенда, формулацијата и реформулацијата.

**4. Партнерство**
Партнерството подразбира споделена одговорност во секој чекор од процесот на политичко одлучување тргнувајќи од поставувањето агенда, формулацијата, донесувањето одлуки и спроведувањето на политичките иницијативи. Тоа е највисока форма на учество.

На ова ниво НВОи и јавните власти тесно соработуваат, водејќи сметка НВОи да продолжат да бидат независни и да имаат право да водат кампањи и да делуваат без оглед на ситуацијата во партнерството. Партнерството може да вклучува активности како делегирање на специфична задача на НВО, на пример за испорака на услуги, како и партиципаторни форуми и формирање на тела за ко-одлучување, вклучувајќи распределба на ресурси.

Партнерството може да се одвива во сите чекори од процесот на политичко одлучување и е особено релевантно за поставувањето на агенда или при чекорите за спроведување.

**IV.ii Чекори во процесот на политичко одлучување**

Циклусот, прикажан подолу, ги дефинира шестте различни чекори во процесот на политичко одлучување: поставување на агенда, формулација на одредени политики, донесување одлука, спроведување на политиките, набљудување и реформулација на политиките. Секој чекор нуди можности за интеракција на НВОи и јавните власти.




**1. Поставување на агендата**

Политичката агенда се договора помеѓу парламентот и владата, но може да биде обликувана од НВОи или групи на НВОи, преку кампањи или лобирање за одредени прашања, потреби и интереси. Новите политички иницијативи се често резултат од влијанието на кампањите на НВОи. За време на овој чекор, целта на НВОи е да влијаат врз донесувачите на одлуки од името на колективниот интерес и да дејствуваат на начин што е комплементарен на политичката дебата.

Придонес на НВОи:

- **Застапување**: се покренуваат прашања, интереси и потреби за одделна група корисници, или гледиште или интерес на јавноста што уште не е покриен со законодавството или други политички документи, инструменти или мерки
- **Информации и градење на свест**: споделување на наодите од НВО со јавните власти, вклучување и претставување на членови, корисници и клучни групи на граѓани и дејствување за да се дојде до граѓаните; да се слуша, реагира и информира
- **Експертиза и совет**: експертите со познавање на одредена тема играат клучна улога во поставувањето на политичката агенда. Нивната анализа и истражување ги

идентификуваат тековните и идните потреби во општеството и обезбедуваат критични перспективи
- **Иновација**: развивање на нови решенија и пристапи; покажувајќи како овие може да бидат ставени на политичката агенда
- **Обезбедување услуги**: клучен актер во формирањето стратегија и во креирањето алтернативни или непостоечки услуги за специфична група на корисници

Одговорности на јавните власти:
- **Споделување информации**: Обезбедување на актуелни, точни и навремени информации во достапен формат до сите заинтересирани страни
- **Процедури**: Развивање и придржување до транспарентен процес на одлучување. Обезбедување на јасни, отворени и достапни процедури за учество
- **Обезбедување ресурси**: Овозможување на активно учество на граѓанското општество преку, на пример, обезбедување буџет, непаричен придонес или административни услуги
- **Реакција**: Обезбедување на активно вклучување на релевантните претставници на јавните власти; да се слуша, реагира и да се даде повратна информација

Корисни алатки и механизми:
- **Информации**:
    - **Лесен и отворен пристап** до релевантни, точни и навремени информации за политичкиот процес, документите и за донесувачите на политички одлуки, пр. онлајн бази на податоци
    - **Истражување** за да се разбере прашањето и да се развијат и предложат решенија
    - **Кампањи и лобирање** на НВОи базирани на подигање на свеста, како политички документи, постери и флаери, соопштенија за медиумите и јавни демонстрации
    - **Веб страница** со сеопфатен пристап до клучни документи и известувања за јавни настани
- **Консултации**:
    - **Петиции**, преку онлајн алатки како е-петиции или веб форум
    - **Консултации**, онлајн или други техники, за да се дознаат интересите и сугестиите од засегнатите страни
- **Дијалог**:
    - **Расправи и јавни форуми** со заинтересираните засегнати страни за да се идентификуваат и сфатат чувствителноста и интересите на различни групи
    - **Граѓански форуми и идни совети** за да се дискутира со граѓаните и НВОи
    - **Клучен владин контакт** што му овозможува на граѓанското општество пристап до информации за тековните политички иницијативи
- **Партнерство**:
    - **Работна група или комитет** формирани како постојана или ад-хок експертска група што дава совети за политичките преференци

**2. Формулација**

Јавните власти обично имаат добро утврдени процеси за формулација на политиките. Тука НВОи често се вклучени во области како идентификување на проблемите, предлагање решенија и обезбедување докази за нивниот преферирран предлог преку интревјуа или истражување. Клучен елемент во овој процес треба да бидат олеснетите можности за консултација, како и различните форми на дијалог за да се соберат информации од клучните засегнати страни.

Придонес на НВОи:

- **Застапување**: гаранција дека ќе се земат предвид потребите и интересите на страните засегнати од предлог на политиките
- **Информации и градење на свест**: НВОи ги информираат членовите, корисниците и клучните групи на граѓани за процесот на формулација
- **Експертиза и совет**: анализа и истражување за прашања кои се разгледуваат или покренување на дополнителни приоритети за да се вклучат во предлогот
- **Иновација**: обезбедување решенија преку воведување на нови пристапи, практични решенија и конкретни модели што се од полза за одделни групи корисници
- **Обезбедување услуги**: придонес во формулација на политиките за да се осигура дека се земени предвид специфичните потреби на корисниците и дека се задоволени потребните услови
- **Функција на куче чувар**: Следење на процесот на формулација за да се осигура дека интересите на засегнатите страни се земени предвид и дека процесот е инклузивен и транспарентен

Одговорности на јавните власти:

- **Споделување информации:** Обезбедување на навремени и сеопфатни информации за тековните консултативни процеси
- **Процедури:** Развивање и придржување до минималните стандарди за консултации, како јасни цели, правила за учество, временски рамки, контакти, итн. Организирање на отворени консултативни состаноци, вклучувајќи покана до сите потенцијални засегнати страни
- **Обезбедување ресурси:** Обезбедување на соодветни временски рамки и средства за консултации за да се осигура учество на различни нивоа на граѓанското општество
- **Реакција:** Обезбедување на активно вклучување на релевантните претставници на јавните власти; да се слуша, реагира и да се дава повратна информација за консултативните реакции

Корисни алатки и механизми:

- **Информации:**
    - **Отворен и слободен пристап** до политичките документи, вклучително и единствен информативен пункт за формулација на политиките со информации во различни формати за да се дојде до јавноста
    - **Веб страница** со сеопфатен пристап до клучни документи и известувања за јавни настани
    - **Кампањи и лобирање** за да се обликуваат предлог политиките преку позициони документи, писма, манифести
    - **Веб каст** од расправи, состаноци и дебати што им овозможуваат на луѓето да гледаат и слушаат во реално време
    - **Истражување** за да се даде придонес во процесот на формулација на политиките
- **Консултации и дијалог:**
    - **Расправи и панели за прашања и одговори** со засегнатите страни за да се идентификуваат и сфатат чувствителноста и интересите на различни групи и за да се соберат предлози, лично или онлајн
    - **Стручни семинари и состаноци** вклучувајќи стручни лица за изработка на специјализирани истражувања или студии што можат да се користат при формулацијата

- **Комитети со повеќе засегнати страни и советодавни тела** составени од или кои вклучуваат претставници од НВО секторот; можат да бидат постојани или ад-хок
- **Партнерство:**
  - **Ко-формулација**: активно вклучување во формулацијата на делови од законодавниот процес

**3. Одлука**

Формите на политичко одлучување варираат во зависност од националниот контекст и законодавството. Заеднички карактеристики се утврдување на владина политичка директива од страна на едно министерство; или законодавство, како на пример усвојување на закон со гласање во собранието; или по пат на јавен референдум, за што потоа се потребни подзаконски прописи. Предлог законите треба да бидат отворени за коментари и учество на НВОи. Јавните власти треба да земат во предвид различни гледишта и мислења пред да се донесе одлуката. Во овој чекор, консултациите имаат централно значење за донесување информирани одлуки. Меѓутоа, конечниот избор лежи во рацете на јавните власти, освен во случај кога одлуката се донесува со јавно гласање, по пат на референдум или преку механизми за ко-одлучување.

Придонес на НВОи:

- **Застапување:** влијание врз донесувачите на одлуки пред гласањето
- **Информации и градење на свест:** информирање на членството, корисниците и клучните групи граѓани за политичките одлуки и нивниот потенцијален ефект
- **Експертиза и совет:** обезбедување на детална анализа за информирање и влијание врз донесувачите на одлуки
- **Функција на куче чувар:** следење на процесот на одлучување, осигурувајќи дека тој процес е демократски, транспарентен и оптимално ефективен

Одговорности на јавните власти:

- **Споделување информации:** Обезбедување на информации за политиките кои се во процес на одлучување
- **Процедури:** Се нудат и се следат процедури за механизмите на ко-одлучување, каде што се применливи
- **Обезбедување ресурси:** Овозможување и поддршка за активно учество на граѓанското општество со поврзување на НВОи при донесувањето одлука
- **Реакција:** Да се слуша, да се зема во предвид и да се реагира на придонесот на граѓанското општество

Корисни алатки и механизми:

- **Информации**:
  - **Кампањи и лобирање** за да се влијае врз донесувачите на одлуки, на пример со користење на флаери, веб страници, соопштенија за медиумите и јавни демонстрации
- **Консултации и дијалог**:
  - **Отворени пленарни седници или седници на комисиите** за да се осигура отворен пристап до дебатите за време на процесот на одлучување
- **Партнерство**:
  - **Заедничко донесување одлуки** преку форуми, конференции за постигнување консензус и други партиципаторни состаноци
  - **Ко-одлучување** како партиципативно буџетирање

**4. Спроведување**

Ова е чекор за време на кој многу НВОи се најактивни, на пример во испораката на услуги или извршувањето на проекти. Поголем дел од работата што ја вршат НВОи во претходните чекори вклучува обиди да се влијае врз спроведувањето на политиките. Оваа фаза е особено важна за да се осигура дека ќе биде исполнет предвидениот исход. Пристапот до јасни и транспарентни информации за очекувањата и можностите е важен во овој чекор, како и активното партнерство.

Придонес на НВОи:

- **Информации и градење на свест**: првенствено фокусиран на подигање на свеста на јавноста, објаснување на придобивките или недостатоците и влијанието на политиките
- **Обезбедување услуги**: еден клучен актер во спроведување на политичките иницијативи често ја носи главната одговорност за испораката
- **Функција на куче чувар**: да се оцени и осигура дека политиките се применуваат како што било предвидено без штетни споредни ефекти

Одговорности на јавните власти:

- **Споделување информации**: Обезбедување информации за стратегиите за спроведување на политиките, процедури за јавни тендери и насоки за проекти
- **Процедури**: Се следат утврдените правила и прописи за спроведување на политиките
- **Обезбедување ресурси**: Се овозможува активно учество на граѓанското општество во чекорот на спроведување на политиките преку, на пример, обезбедување буџет, непаричен придонес или административни услуги
- **Реакција**: Да се биде достапен и да се реагира на специфичните потреби што произлегуваат од околностите при спроведување на политиките

Корисни алатки и механизми:

- **Информации:**
  - **Отворен и слободен пристап** до документите од јавниот сектор во однос на проекти и одлуки за спроведување
  - **Веб страница** со сеопфатен пристап до клучни документи и известувања за јавни настани
  - **Е-меил известувања** како најава за идни проекти и за можностите за финансирање
  - **Често поставувани прашања** онлајн или преку други канали што нудат информации иако се претставени во вид на прашања и одговори, со цел да дадат практична помош и насока
  - **Јавно објавени тендерски процедури** за да се обезбеди отворен, транспарентен процес за обезбедување услуги
- **Консултации:**
  - **Настани, конференции, форуми и семинари** за да се информира и да се дискутира за спроведувањето на политиките со НВОи и јавноста
- **Дијалог:**
  - **Семинари за градење капацитети** за да се зголеми знаењето и капацитетот кои се релевантни за спроведувањето
  - **Семинари за обука** за НВОи и јавните власти на специфични теми релевантни за спроведувањето, како набавки, пријави за проекти и финансии

- **Партнерство:**
    - o **Стратешко партнерство** каде НВОи и јавните власти формираат партнерство за да се спроведуваат политиките; ова може да вклучува од мала пилот шема до целосна одговорност за спроведувањето

**5. Набљудување**
Во оваа точка, улогата на НВОи е да ги набљудуваат и оценуваат исходите од спроведените политики. Важно е да се има ефективен и транспарентен систем за набљудување со што ќе се осигури дека политиките/програмата ја остварува предвидената цел.

Придонес на НВОи:
- **Застапување**: се набљудува и укажува дали политичката иницијатива е покрената од предвидените корисници и дали го имала предвидениот исход за општеството
- **Експертиза и совет**: се собираат докази или истражувања за влијанието на политиките; се вклучуваат истражувачки институти и центри
- **Обезбедување услуги**: одговорност за набљудување на ефектите на програмата во смисла на квалитет, одржливост, ефективност и примери со вистински случаи
- **Функција на куче чувар**: приоритетна улога во набљудување на ефектите на политиките, за да се осигура дека се остварени предвидените цели

Одговорности на јавните власти:
- **Споделување информации:** Обезбедување информации за тековниот статус на политиките
- **Реакција:** Да се слуша и реагира на специфични точки покренати од НВОи и граѓанското општество

Корисни алатки и механизми:
- **Информации:**
    - o **Отворен и слободен пристап** до информации за напредокот на политиките
    - o **Собирање доказ** за да се соберат случаи и статистики за испорака на проектот
    - o **Евалуација** на политиките и нивното влијание преку конференции и извештаи
    - o **Независни истражувачки студии** за да се извлечат клучните лекции
- **Консултации:**
    - o **Повратни механизми** за да се следи напредокот како анкети, веб истражувања или прашалници
- **Дијалог:**
    - o **Работна група или комитет** составени од НВОи (и корисници и даватели) одговорни за набљудување и оценка на иницијативата за политиките
- **Партнерство:**
    - o **Работна група или комитет** составени од НВОи и јавни власти што сочинуваат стратешко партнерство за набљудување и оценка на иницијативата за политиките

**6. Реформулација**
Знаењето добиено од оценката на спроведувањето на политиките заедно со променливите потреби во општеството, често бараат реформулација на политиките. Ова мора да биде базирано на пристап до информации и можности за дијалог за да се

идентификуваат потребите и иницијативите. Оваа реформулација овозможува иницирање на нов циклус на одлучување.

Придонес на НВОи:

- **Застапување**: лобирање за обновување на политиките со укажување на ограничувањата или споредните ефекти од тековните политики, за да се задоволат потребите на корисниците или граѓаните
- **Експертиза и совет**: спроведување на истражување и анализа за да се идентификуваат тековните иницијативи за политиките со цел да се обезбеди основа за нивна реформулација
- **Иновација**: развивање на нови пристапи за справување со релевантните политички прашања; ова може да биде клучен елемент во обновување на политиките
- **Обезбедување услуги**: идентификување на препреки и собирање докази за да се илустрираат променетите потреби за кои е потребно реформулирање на политиките

Одговорности на јавните власти:

- **Споделување информации**: обезбедување информации за можното разгледување на политиките и нивната перцепција за потребните промени во политиките
- **Процедури**: обезбедување на јасни, отворени и достапни процеси за учество
- **Обезбедување ресурси**: овозможување и поддршка на активно учество на граѓанското општество
- **Реакција**: да се слуша и дејствува според придонесот на НВОи

Корисни алатки и механизми:

- **Информации:**
  - **Отворен и слободен пристап** до информации што овозможува евалуации, резултати од студии и други докази за постоечките политики
- **Консултации:**
  - **Конференција или состанок** за да се изложат следните чекори што се планираат од страна на јавните власти
  - **Онлајн консултации** за да се соберат гледиштата на граѓанското општество за последователните активности за политиките/проектот
- **Дијалог:**
  - **Семинари и советодавни форуми** со вклучување на заинтересираните страни во развивање на нови насоки во областа на политиките, на пример, Светско кафе, отворен простор и други методи на бура на идеи
- **Партнерство:**
  - **Работна група или комитет** каде НВОи формираат експертска група заедно со другите засегнати страни и јавни власти со цел да препорачаат ревидирање на политиките

### IV.iii Алатки и механизми за граѓанско учество

Постојат одредени алатки и механизми, собрани од цела Европа за време на консултациите при изработката на Кодексот на добри практики за граѓанско учество, коишто даваат поддршка на учеството во текот на целиот процес на одлучување, а тоа се следниве:

**1. Учество преку електронски алатки (Е-учество)** - Електронските алатки обезбедуваат голема можност за подобрување на демократската практика и учество на организираното граѓанско општество. Овие алатки во голема мера можат да придонесат за транспарентноста, отчетноста и реакцијата на институциите, како и за унапредување на вклученоста на граѓаните и јакнење на нивните капацитети, како и за пристапноста и инклузивноста на демократскиот процес. Со цел целосно да се искористат нивните потенцијали, електронските алатки треба да бидат интегрирани и прифатени од страна на сите учесници во процесот на донесување на одлуки, вклучително и од властите на сите нивоа и организираното граѓанско општество.

**2. Градење капацитети за учество**

Од суштинско значење е да се развијат капацитетите и вештините на локалните, регионалните и националните НВОи за да можат да бидат активно вклучени во формулацијата на политиките, во изготвувањето на проекти и во обезбедувањето услуги. Градењето капацитети може исто така да вклучува семинари за обука за да се подобри сфаќањето за реципрочните улоги на НВОи и јавните власти во овој процес, како и програми за размена за да се олесни разбирањето на реалноста на другиот.

**3. Структури за соработка меѓу НВОи и јавни власти**

Со цел да се олесни врската меѓу јавните власти и НВОи, голем број на земји формираа координативни тела. Тука спаѓаат владини тела како лице за контакт со граѓанското општество назначено во секое министерство или централно координативно тело како единствен соговорник; заеднички структури како комитети на засегнати субјекти, работни групи, експертски совети и други советодавни тела (постојани или ад-хок) или НВО алијанси/коалиции преку кои се обединуваат ресурсите и се развиваат заеднички ставови.

**4. Рамковни документи за соработка меѓу НВОи и јавните власти**

Во многу европски земји се изработуваат рамковни договори за да се утврдат обврските, улогите и одговорностите и процедурите за соработка. Овие документи претставуваат јасна основа за врската и затоа го олеснуваат тековниот дијалог и заемното разбирање меѓу НВОи и јавните власти. Тие вклучуваат билатерални договори со парламентот или владата, стратешки документи за соработка и официјални програми за соработка усвоени од јавните власти.

## V. Матрица за граѓанско учество

Со цел да се илустрира и разјасни врската, матрицата прикажана подолу ги визуелизира чекорите во процесот на политичко одлучување и нивната поврзаност со нивоата на учество. Се заснова на добрите практики и примери од граѓанското општество од цела Европа и има за цел да послужи како инспирација за акција и зајакнување на интеракцијата меѓу НВОи и јавните власти.

Во секоја фаза од процесот на одлучување (од лево кон десно) постојат различни нивоа на учество на НВО (од долу нагоре). Се тргнува од претпоставката дека чекорите во процесот на политичко одлучување може да се применат во секој контекст во Европа, од локален до национален. Како што беше објаснето, нивоата на учество во секоја точка од процесот на одлучување може да варираат од ниско до високо и целта е предложените алатки да се користат како начин за остварување на секој вид учество.

Матрицата може да се користи на многу различни начини, како за мапирање на нивоата на вклучување на граѓанското општество во даден процес; оценка на учеството на НВО во било која точка од процесот; или како практичен ресурс за НВО за планирање на стратешките активности. Намерата не е матрицата да биде исцрпна листа и таа може да се прилагоди на многу други употреби.

Матрицата ги илустрира меѓусебно зависните елементи на учество во процесот на одлучување. Овој пример покажува како со претходно споменатите корисни алатки може да се постигне предвиденото ниво на учество во секој чекор од процесот на одлучување.

| Партнерство | Работни групи или комитет | Ко-формулација | Заедничко одлучување<br>Ко-одлучување | Стратешки партнерства | Работни групи или комитет | Работни групи или комитет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дијалог** | Расправи и јавни форуми<br>Граѓански форуми и идни совети<br>Клучен владин контакт | Расправи и панели со прашања и одговори<br>Стручни семинари<br>Комитети со повеќе засегнати страни и советодавни тела | Отворени пленарни седници или седници на комисијата | Семинари за градење капацитети<br>Обуки | Работни групи или комитет | Семинари и форуми |
| **Консултации** | Потпишување петиции<br>Интернет консултации или други техники | Расправи и панели со прашања и одговори<br>Стручни семинари<br>Комитети со повеќе засегнати страни и советодавни тела | Отворени пленарни седници или седници на комисијата | Настани, конференции, форуми, семинари | Механизми за добивање повратни информации | Конференции или состаноци<br>Интернет консултации |
| **Информации** | Лесен и отворен пристап до информации<br>Истражување<br>Кампањи и лобирање<br>Веб страница за клучни документи | Лесен и отворен пристап до информации<br>Веб страница за клучни документи<br>Кампањи и лобирање<br>Веб каст<br>Истражувачки податоци | Кампањи и лобирање | Отворен пристап до информации<br>Веб страница за пристап до информации<br>Е-меил известувања<br>Често поставувани прашања<br>Процедури за јавни тендери | Отворен пристап до информации<br>Собирање докази<br>Евалуации<br>Истражувачки студии | Отворен пристап до информации |
| **Нивоа на учество**<br>**Чекори во процесот на политичко одлучување** | **Поставување на агендата** | **Формулација** | **Одлука** | **Спроведување** | **Набљудување** | **Реформулација** |